# 1.10.Осврт на постигнати резулатати во 2021 година

# прилог 1

**Годишен извештај за постигнати резултати по дефинирани стратешки мерки**

Анализа на реализирани активности во текот на 2021 година во првата стратешка програма програма здравствена заштита ориентирана кон заедницата на сите нивоа. Анализата е направена по дефинирани стратешки мерки, а врз основа на доставените податоци до Секторот за координација и стратешко планирање.

Во стратешката подпрограма превентивна здравствена заштита, мерката **организирање и унапредување на крводарителството** претставува поддршка на крводарителството во Република Северна Македонија, а во неа се содржани мерки и активности за: организирање и спроведување на крводарителски акции, изготвување на здравствено-воспитни пропагандни материјали, мотивациски средства за крводарителите, надоместок на трошоци по единица крв за организирање на крводарителски акции за општинските организации на Црвениот крст на Република Северна Македонија, и ЈЗУ„ Институтот за трансфузиона медицина“, покривање на партиципација на здравствените установи при користење на здравствени услуги на дарители со над 10 крводарувања. Црвениот крст на Република Северна Македонија и Институтот за трансфузиона медицина се извршители на програмата кои преку поединечни и заеднички активности ги реализираат планираните активностите. Од Програмата за организирање и унапредување на крводарителството во Република Северна Македонија за 2021 година се искористени 45.000.000,00 денари од кои 34.000.000,00 ден за исплата на партиципација за здравствени услуги за дарители на крв со над 10 дарувања и активностите на Црвен крст 11.000.000,00 за организирање на крводарителни акци и промоција на крводарителството.

Мерката **активна здравствена заштита на мајките и децата** има реализација на неонатален скрининг за хипотиреоза за сите новородени во 2021 година (18.368 новородени или 98,98% од сите новородени деца во 2021 година), навремена дијагноза и воведување на терапија е спроведена кај 18 новороденчиња.

При реализацијата на неонатален метаболен скрининг за целна популација за 6000 новородени сомнителни за метаболни заболувања за 2021 година, откриени 5 новородени со метаболна болест. При реализацијата на активноста на неонатален скиниг за цистична фиброза за 2021 година, одговор е: од 18.368 новородени или 98,98% од сите новородени деца во 2021 година, откриени се 4 случаи на цистична фиброза кај новороденчиња, одржани се две обуки на здравствени работници за родово базирано насилство за 2021 година на УКИМ медицински факултет – Катедра за семејна медицина со опфат на 30 здравствени работници – лекари специјалисти по семејна медицина. Подготвена е Информација за здравствена состојба на мајки и деца за 2020 година од страна на ЗД Скопје. За активноста набавка на современи контрацептиви за жени од социјално ранливи категории и жени со репетативни абортуси за 2021 година, Универзитетска клиника за гинекологија побарале 82.215,00 денари и 41 скатула контрацептиви. Направен е скриниг на слух на новородени за 2021 година - Универзитетска клиника за уво нос и грло има скринирано 2.780 новородени и рескринирано 162 новороденчиња. За активноста медикаментозен абортус, Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство имаат набавено 86 скатули mispregnol tabl od 400mg .

Мерката за **задолжителна имунизација на населението**, за активноста набавка на вакцини за задолжителна имунизација и вакцини по епидемиолошки индикации за период јануари 2021 година – декември 2023 година: во текот на 2021 година, за прв пат Министерството за здравство спроведе 3 годишна јавна набавка со цел обезбедување на сигурен производ за подолг временски период, обезбедување на доволни количини, како и навремена испорака на вакцините. Министерството за здравство согласно Календарот за имунизација ги набавува вакцините за задолжителна имунизација која се спроведува во службите за превентивна здравствена заштита при јавните здравствени установи и овластените родилишта. Набавува мали количини на вакцини по епидемиолошки индикации кои стојат на располагање на здравствените установи во одредени ситуации (моментален недостаток, повреда на вработен, потрошени залихи, во процес на набавка).

Врз основа на доставените годишни извештаи за спроведена и реализирана задолжителна имунизација против заразни болести во Република Северна Македонија во 2021 година, од страна на Центрите за јавно здравје и нивните подрачни единици и/или здравствените установи кои ја спроведуваат задолжителната имунизација во Републиката, Институтот за јавно здравје врши обработка и анализа на добиените податоци и подготви годишен извештај за опфат со имунизација за 2021 година во Република Северна Македонија. Согласно задолженијата во стратешката мерка (буџетска програма за

имунизација) за задолжителна имунизација, ИЈЗ ги обработува и евалуира прибраните годишни извештаи, изготвува посебна анализа и извештај за состојбата со спроведената имунизација во 2021 година и опфатот со одделни вакцини на локално, регионално и национално ниво во Републиката и овој извештај го доставува до Министерството за здравство до 15.03.2022 година. Поради оптеретувањето на епидемиолошките служби при Центрите за јавно здравје во однос на следење на КОВИД-19 епидемијата, податоците за опфатот со задолжителна вакцинација се во фаза на прибирање и обработка.
Бесплатна вакцинација против сезонски грип - во Програмата за имунизација се обезбедуваат средства за набавка на вакцини против сезонски грип. За вакцинација против грип 2021/2022 година, согласно препораката на Комисијата за заразни болести, Министерството за здравство набави 40.000 дози четиритипни вакцини против сезонски грип за бесплатна вакцинација на следните ризични групи:
- Стари лица (над 65 години)
- Лица со хронични заболувања
- Здравствени работници
- Бремени жени
- Децата на возраст од 6 месеци до 5 години

Согласно неделната информација изготвена од Институтот за јавно здравје, а според податоците од Управата за електронско здравство, од почетокот на вакцинацијата, а заклучно со 10.02.2022, вакцинирани се вкупно 44.835 лица од ризичните категории население со бесплатни вакцини. Дополнителни дози на четиривалентни вакцини наменети за бесплатна вакцинација се обезбедени преку донација од PIVI (Partnership for Influenza Vaccine Introduction).
Вакцинација против КОВИД-19 - Воведување на КОВИД-19 вакцинација има клучна улога во намалување на штетните ефекти врз здравјето на популацијата и општеството воопшто, во услови на појава на пандемија од КОВИД-19. Вакцинацијата е само една од повеќето превентивни мерки кои се користат во борба против ширењето на пандемијата.
Со цел да се обезбеди што поголема достапност на вакцините, а со тоа и заштита на поголем дел од популацијата, покрај вклучувањето на државата во COVAX механизмот кој обезбедува еднаков пристап до ефикасни вакцини.
Преку COVAX механизмот, нашата земја ќе набави 800.000 дози на вакцини за да покриеме 20% од нашето население - Со цел да се обезбеди што поголема достапност на вакцините, а со тоа и заштита на поголем дел од популацијата, покрај вклучувањето на државата во COVAX механизмот, дополнително Министерството за здравство склучи директни договори со производителите на вакцини и преговараше со Европската комисија преку Делегацијата на ЕУ во Скопје, преку која соработка нашата држава обезбеди дополнителни дози на вакцини од оние кои Европската унија ги набави за сопствени земји членки. Дел од средствата обезбедни во Програмата се наменети за набавка на КОВИД-19 вакцини согласно тековните договори.
Национална комисија за имунизација - Со цел спроведување на имунизацијата на населението, формирана е Национална комисија за имунизација, со која раководи Национален координатор за имунизација. Надлежностите и обврските на оваа комисија се пропишани во Законот за здравствената заштита.
Недела на имунизација - Поради глобалната епидемија со Корона вирусот, Европската Недела на имунизација за 2021 година се спроведе преку социјалните мрежи. Се изготвија и споделија со населението информативни материјали за ефективноста, безбедноста и бенефитите од вакцинација.
Финансирање на програмата
Средствата за реализација на Програмата за задолжителна имунизација на населението во Република Северна Македонија за 2021 година изнесуваше 1.275.600.000,00 денари и истите се реализирани во целост.

**Превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението -** И покрај тоа што Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје, во текот на целата година функционираше како КОВИД Центар, реализацијата на активностите од програмата е речиси целосно спроведена.
Од предметната програма, не е реализирана активноста „Набавка на потрошен материјал компатибилен за ХАИН тест“, за која Институтот за белодробни заболувања и туберкулоза-Скопје има спроведено постапка за јавна набавка и склучено договор чиј рок на важност истекува на 26.05.2022 година. Во текот на фискалната 2021 година, количините не се повлечени, поради што активноста е предвидена и реализирана со Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Северна Македонија за 2022 година.
**Заштита на населението од ХИВ/Сида -** Со Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во Република Северна Македонија се предвидува финансирање на најголем дел од активности за превенција и рано откривање на ХИВ кај клучните засегнати популации- мажи што имаат секс со мажи, сексуални работници, лица кои инјектираат дрога, како и лица што живеат со ХИВ млади и општа популација. Главна цел на Програмата е одржување на ниска преваленца на ХИВ во РСМ преку универзален пристап до превенција, лекување, грижа и поддршка, базиран на почитување на човекови права и недискриминација. Врз основа на статусот на земја со висок среден приход, како и ниско ниво на ХИВ-епидемија, земјата веќе не се квалификува за финансиска поддршка од Глобалниот фонд по 2017 година.

-спроведен е Јавен повик за избор на здруженија на граѓани и доделување на средства на здруженија на граѓани со цел спроведување на активности утврдени во Програмата за заштита на населението од ХИВ инфекција во РСМ за 2021.
-склучен договор меѓу МЗ и 15 здруженија на граѓани. Улогата на граѓанскиот сектор е од клучно значење, поради воспоставување на директна комуникација со овие популации и можноста да опфатат голем број нивни припадници со специфични услуги за превенција на ХИВ. Граѓанските организации годишно опфаќаат над 15 илјади припадници на клучните популации со повеќе од 200 илјади бесплатни услуги за превенција на ХИВ. На овие програми се ангажирани 160 лица во обезбедувањето на директни услуги за превенција и поддршка, како и 45 волонтери. Поради високата стигма во општеството, припадниците на овие популации, кои се клучни за контролата на епидемијата, во огромна мера остануваат скриени и недостапни за јавно-здравствениот систем. Програмата е развиена врз основа на национално стратешко планирање за ХИВ. Програмата ги структурира активностите според следните области на делување :

- Координација,
- Собирање и употреба на стратегиски информации, следење и проценка,
- Активности за превенција, рано откривање и подршка со фокус на клучните популации засегнати од ХИВ
- Лекување, грижа и психосоцијална подржка за лицата што живеат со ХИВ

Програмата се имплементира преку Министерство за здравство, односно преку извршители на Програмски активности и тоа: Јавни здравствени установи Инфективна Клиника, Институт за јавно здравје, 10 Центри за јавно здравје, Општи болници во Република Македонија преку центрите за превенција и третман на зависности и 14 Здруженија на граѓани .
Финансирање на Програмата (извори на обезбедување на средства – Буџет на Република Македонија) - вкупните средства за реализација на оваа Програма изнесуваа  87.700.000,00 денари ЦЕЛ: Во рамките на Целите за одржлив развој, Република Северна Македонија се обврза да стави крај на епидемијата на ХИВ како јавно-здравствен проблем до 2030 година, додека со политичката декларација за ХИВ и СИДА на Генералното собрание на Обединетите нации, Република Македонија исто така се обврза до 2023 година да ја постигне целта 90-90-90, односно, 90% од проценетиот број на лица што живеат со ХИВ да го знаат својот статус; 90% од нив да бидат ставени на антиретровирусна терапија, додека 90% од оние што ја примаат терапијата да имаат постигнато недетектабилно ниво на вирус во крвта.
Стратешка мерка **здравје за сите** (буџетска програма) - кардиоваскуларните и респираторните болести се најчести заболувања кај населението како во светски рамки така и во Република Северна Македонија. Зголемениот крвен притисок, зголемени маснотии во крвта, дебелината, дијабетот, неправилната исхрана, недоволната физичка активност, злоупотребата на алкохол и тутун се најчести ризик фактори за настанување на кардиоваскуларните заболувања. Најзначајните ризик фактори за појава на незаразни болести, можат да се спречат и да се контролираат.
Масовните незаразни болести се водечка причина за смрт и инвалидитет ширум светот.
Причинители на висока зачестеност на масовни незаразни болести во последните децении од дваесеттиот век и почетокот на овој век се значајните и брзи промени во начинот и стилот на живот на современиот човек. Најмногу се изразени промените во начинот на исхрана, нивото на физичка активност, зголемената употреба на алкохол и тутун. Превентивните прегледи за навремена контрола на крвниот притисок, телесната тежина, одредување шеќер и маснотии во крвта се битен елемент за навремено спречување на појава на кардиоваскуларни заболувања. Едукација на населението за потребата од навремени превентивни прегледи за контрола на сопственото здравје е битен фактор за рано откривање и спречување болести.
Параметри на здравјето кои е потребно да се следат се: крвен притисок, телесна тежина, висина, индекс на телесна маса, шеќер и маснотии во крвта. На граѓаните потребно е во исто време да им се даваат и конкретни совети за грижа за сопственото  здравје како совети за  промоција на здрави животни стилови, поддршка за откажување од штетни животни навики, одвикнување од пушење, за начинот на исхрана и заштита од високите температури, важност на превентивните прегледи.
Целта на оваа програма е активен пристап до граѓаните од руралните средини, контрола на нивното здравје, навремено и соодветно лекување и препораки за превенција на здравјето. Секој извршен превентивен преглед  се евидентира во посебен евидентен лист кој се доставува до Институтот за јавно здравје на Република Северна  Македонија. По обработката на добиените индивидуални листи за вкупниот период Институтот за јавно здравје на Република Северна Македонија изготвува студија за добиените резултати од превентивните прегледи по здравствени домови на ниво на државата со препораки за подобрување на здравствената состојба кај граѓаните. Оваа програма е реализирана во рамки на обезбедените средства од Буџетот на Република Северна Македонија за 2021 година во износ од 3.000.000,00 денари.
**Поддршка на имплементација на декада и стратегијата за инклузија на Ромите**
Донесена е Националната Стратегија за инклузија на Ромите 2022-2030 година, во чиј Акциски план се дефинирани активностите кои ги покрива здравствениот сектор – Измена на Законот за здравствено осигурување за вклучување на лицата без документи во здравствениот систем во делот на “Подобрувањето на достапноста и пристапноста на ромската заедница до примарната заштита” и Програмата за остварување на правото на здравствена заштита на ранливите групи во превентивна, секундарна и терциерна заштита.
**Јакнење на капацитетите на стоматолошката здравствена заштита во системот**

Преглед на донесени одлуки за доделување лиценци за вршење на здравствена дејност (ортодонција, стоматолошка протетика, орална хирургија, оториноларингологија) на ниво на секундарна здравствена заштита во мрежата на здравствени установи во Република Северна Македонија:

Вкупно лиценци за доделување по сите јавни повици (ортодонција, стоматолошка протетика, орална хирургија, оториноларингологија): 64 лиценци

Вкупно доставени понуди по сите јавни повици:121 понуда

Вкупно ДОНЕСЕНИ одлуки по сите јавни повици: 42 одлуки (ортодонција 19; стоматолошка протетика 14; орална хирургија 3; оториноларингологија 6)

Вкупно ЗА ДОНЕСУВАЊЕ одлуки по проверката: 22 одлуки

**Превенција на кардиоваскуларни болести (КВБ)** - со програмата за превенција од кардиоваскуларни заболувања се покриваат 7 странски здравствени работници месечно со договор на дело на ЈЗУ Универзитетска клиника за државна кардиохирургија – Скопје. Министерството за здравство во изминатите години континуирано вложуваше напори да ја воведе и развие со нови методи, техники и интервенции државната кардиохирургија во рамките на ЈЗУ Универзитетската клиника за државна кардиохирургија – Скопје. Од причина што досега во Република Северна Македонија до пред неколку години немаше кардиохирургија во јавното здравство, не постоеше ниту катедра за едукација за ваков високопрофилиран кадар, како круцијален проблем се наметна обезбедувањето едукација и стручно доусовршување на кадарот од страна на странски едукатори. Досега се остварени соработки со меѓународно реномирани кардиохируршки центри, како Универзитетите Сапиенца, Рим од Р. Италија, АКХ Виена, Австрија, Триемли Штад Хоспитал - Цирих, Швајцарија, КБЦ Загреб, Институтот за кардиовасуларни заболувања Дедиње – Белград, Клинички центар Србија, Белград, Србија, Клиничка болница Звездара – Белград, Клинички Центар Подгорица – Црна Гора и други, кои прераснаа во цврста и долгорочна соработка. Овие врвни меѓународно реномирани кардиохируршки тимови стојат позади досегашните успешни кардиохируршки операции, кои покрај тоа што работат, тие и едуцираат и ги пренесуваат своите знаења на домашниот кадар. Тимот кој беше ангажиран на ЈЗУ Универзитетската клиника за државна кардиохирургија – Скопје беше составен од не повеќе од 7 професионалци месечно од сите профили согласно потребите на пациентите и тоа: кардиохирурзи, васкуларни хирурзи, анестезиолози, интензивисти, средниот медицински кадар (перфузионисти, анестетичари, инструментарки и медицински сестри за во кардиохируршка интензивна нега). Вкупниот износ за овој тим нема да надмине износ од 9.647.000,00 денари во бруто износ за период од 15.02.2021 година до 31.12.2021 година.

УК Детска кардиохирургија

Министерството за здравство континуирано вложува напори да ги воведе и развие нови методи, техники и интервенции во рамките на Универзитетската клиника за детска хирургија – Скопје, како резултат на соработка помеѓу Министерството за здравство на Република Македонија и тим на доктори и среден медицински персонал од Пирогов,Софија, Р.Бугарија, Институтот за здравствена заштита на мајки и деца, Белград, Србија, Клинички Центар Србија, Белград, Болница Звездара, Белград, и други установи, се со цел да се понуди третман на педијатриските пациенти од Република Македонија и околните земји. Тимот кој ќе беше ангажиран во ЈЗУ Универзитетска клиника за детска хирургија – Скопје , обезбеди дијагноза, операции, пред и пост-оперативна нега согласно потребите на пациентите и беше составен од не повеќе од 4 професионалци месечно од сите профили и тоа: детски педијатри, детски хирурзи, анестезиолози, интензивисти, среден медицински кадар. Вкупниот износ за овој тим е во износ од 9.380.000,00 евра во бруто износ за период од 15.02.2021 година до 31.12.2021 година. ОБ Прилеп за лекување на пациенти од цереброваскуларни болести, особено цереброваскуларниот инфаркт, субарахноидално, интрацеребрално и друг вид крвавење, со должина на болнички престој повеќе од 5 години

• ПОТПРОГРАМА 2 - ПРИМАРНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА

**Семејна медицина** - Во 2007 година е усвои документ - Здравствена стратегија на Република Македонија 2020, со кој се воведува категорија специјализирани семејни лекари како водечки членови на тимовите (тим лидери) во примарната здравствена заштита. Во моментов, во ПЗЗ работат различни профили на лекари (општи лекари, специјалисти по општа медицина, педијатри, специјалисти по школска медицина, специјалисти по медицина на трудот и гинеколози), чии што квалификации се исто така различни, што може да претставува пречка за сеопфатна и холистичка здравствена заштита на населението. Во процесот на хармонизацијата со директивите на ЕУ сите лекари кои работат самостојно со пациенти треба да бидат специјалисти. (ЕУ директива 2005/36/ЕЦ). Воедно и со директивата 16/93/ЕЕС сите земји членки на ЕУ мораа до 1995 година да воведат задолжителна специјализација по семејна медицина во времетраење од минимум 3 години. Со воведувањето на специјализацијата по семејната медицина се задоволува овој критериум т.е. ќе се усогласиме со ЕУ директивите и стандардите за самостојно работење на ниво на примарната здравствена заштита, ќе се зголеми квалитетот на здравствената заштита на истото и подобро ќе се искористуваат здравствените ресурси со контролирано движење на пациентите во системот. Од 2009 година се започна со специјализација по семејна медицина, а од 2010 година со доедукација по семејна медицина за матичните доктори. Планираната динамика беше просечно по 120 доктори годишно да завршат доедукација, со што до 2020 година требаше сите матични лекари да се стекнат со звање специјалисти по семејна медицина. Но предвидената динамика од низа причини не се спроведуваше со планираното темпо. Во тек е специјализација/доедукација на околу 40 специјализанти. Досега завршиле 442 специјалисти по Семејна

Медицина, кои положија специјалистички испит на Медицински факултет Скопје во соработка со Катедрата за Семејна Медицина од Медицински Факултет Љубљана. Со тоа значи дека повеќе од една третина од вкупниот број на матични лекари се специјалисти по семејна медицина.
Следни неопходни чекори: Потребна е понатамошна соработка и подршка од сите клучни институции пред се од Министерството за здравство, Фондот за здравствено осигурување Медицински Факултет Лекарска Комора на Македонија и здруженијата на приватни лекари во примарната здравствена заштита .
Најважно: Дефинираната временска рамка за доедукација на лекарите кои работат како матични лекари се пролонгираше до 2025 година. Но потребна е подршка: предлог мерка за стимулација е државно плаќање на специјализацијата/доедукацијата по Семејна медицина. Во спротивно ќе продолжи трендот на намалување на интерес на лекарите да се вработуваат во примарната здравствена заштита и/или нивно иселување во западно европски земји.
Специјализацијата по семејна медицина е дизајнирана согласно препораките на Европската асоцијација на наставници по семејна медицина и ги задоволува критериумите кои се препорачани согласно директивите на ЕУ. Истата е компатибилна со специјализациите од земјите на ЕУ. Вистински квалитет во работата на семејните лекари ќе се добие со специјализација по семејна медицина. Усогласувањето со Европската Унија од аспект на семејната медицина по завршување на специјализацијата, значи дека секој што работи самостојно (без надзор) мора да има најмалку 3 години последипломска настава.
За развој на ефективна семејна медицина EURACT - the European Academy of Teachers in General Practice / Family Medicine, потенцира дека едукацијата во примарната здравствена заштита е фундаментална. Едукацијата мора да биде практично насочена, со инволвираност на специјализантот, со едукациски методи во кои има интерактивност. Овие препораки се во согласност со:

- Европската директива 2005/36/ЕС од европскиот парламент
- Декларација на европската унија на општи лекари/лекари по семејна медицина (UEMO) 2003, која сугерира дека минимум од половина на тренингот (едукацијата од специјализацијата) треба да биде минат во услови на примарна здравствена заштита, со специјалисти по семејна медицина како лидери во таа едукација.
- Европската дефиниција за семејната медицина, адаптирана и од светската здравствена организација (World Organization of National Colleges, Academies and Academic Associations of General Practitioners/Family Physicians (WONCA Europe), која вели дека Општата медицина/Семејната медицина е академска, научна дисциплина со своја едукациска содржина, истражувања, како и клинички активности базирани на докази и клинички ориентирана кон примарната здравствена заштита.

**Матичен лекар**
*покачување на капитациониот бод на матичните лекари на 90 денари
*матичните пациенти ќе се регистрираат на ординации, со определување на максимален број регистрирани пациенти по лекар и пропишана минимална загарантирана плата за секој дополнителен лекар
*обезбедување матичен гинеколог за секоја жена
**Итна Медицинска Помош**
Преложена е иницијатива за воспоставување на „Систем за следење и менаџирање на возилата на итна медицинска помош во сите градови на РСМ“. На територијата на Република Северна Македонија има вкупно 33 центри за итна медицинска помош. Системот е замислен како интегрирано решение кое повиците на бројот 194 на територија на Република Северна Македонија ќе пристигнуваат на едно место, а од тоа место ќе бидат соодветно распределувани до регионалните центри на итна медицинска помош соодветно нивната географска локација и локацијата од каде доаѓа повикот. Примањето на повиците кон итната помош треба да биде интегрирано со системот, додека системот треба да обезбедува интерактивно мени (IVR- Interactive voice response) и сите повици треба да бидат снимени. Интеграцијата на системот треба да им овозможува на операторите одговор на повик, пренасочување на повик и завршување на повик преку нивните работни станици со кликање во софтверот со користење на глувче или кратенки преку тастатура. Говорните функции треба да се вршат преку компјутерот на операторот со користење на headset уред (микрофон и слушалка со висок квалитет). Зајакнување и подобрување на здравствените услуги од страна на ИМП

ПОТПРОГРАМА 3 - КУРАТИВНА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА
**Здравствена заштита на лица со душевни растројства**
Вкупен број на лица опфатени со мерката „Згрижување и лекување на лицата кои се сместени во психијатриските установи со изречена мерка од надлежен суд – задолжително лекување и чување во психијатриска установа“ изнесува околу 250 пациенти.

| Јавна здравствена установа | Број на пациенти за 2021 година |
|---|---|
| „Психијатриска болница Скопје“ | 120-135 |
| „Психијатриска болница Демир Хисар“ | 269-280 |
| „Клиничка болница Тетово“ | 170-179 |
| „Здравствен дом Струмица“ | 24-30 |

| | |
|---|---|
| „Општа болница со проширена дејност Гевгелија“ | 62-92 |

Душевните растројства опфаќаат широк круг на заболувања, вклучувајќи ги органските, симптоматските, невротските, растројствата во расположението (афективни растројства), шизофрениите, шизотипните и налудничавите растројства, душевната заостанатост и другите душевни растројства. Светските искуства покажуваат дека кај повеќе од една половина од вкупно дијагностицираните лица, овие растројства добиваат хроничен тек т.е периодите на подобрување се заменуваат со периоди на влошување и повторна појава на знаците на растројството. Поради природата на болеста, но далеку повеќе како резултат на општествениот став и предрасуди, во кои доминира неприфатеност, маргинализација и отфрлање, голем број лица со душевни растројства остануваат долготрајно, па дури и доживотно хоспитализирани, при што се создава таканаречен хоспитализам. Следејќи ги и препораките на СЗО, се премина кон зајакнување на достапноста на овие услуги преку развивање на различни форми на вонболнички третман во локалната заедница, содржани во т.н. Центри за ментално здравје во заедницата, со целосен сеопфатен дневноболнички третман на пациентите. За целосно, адекватно, навремено, ефикасно и економично решавање на овие проблеми неопходно е вклучување на целата општествена заедница, пред се преку соодветните институции и установи во рамките на ресорните министерства, а во тесна соработка и координација со сите останати заинтересирани субјекти.
Во тек на 2021 година се вршеа подготвителни активности за отварање на два нови Центри за ментално здравје, во град Битола и град Кичево кои се надеваме ќе започнат со функционирање во 2022 година и истите ќе работат во рамки на ЈЗУ Психијатриска болница Демир Хисар.
Во 2021 година отворен е Центар за ментално здравје во кочани кој функционира во склоп на Општа болница со проширена дејност Кочани.
Регионални центри за депресија функционираа во 2021 година во следните градови.

| Јавна здравствена установа | Вкупно прегледи започнувајќи од 2014 |
|---|---|
| **ЗД Скопје** | |
| Поликлиника МВР (понеделник) | 136 |
| Поликлиника Чаир (вторник) | 206 |
| Поликлиника Букурешт (среда) | 209 |
| Поликлиника Јане Сандански (четврток) | 189 |
| Поликлиника Ченто (петок) | 255 |
| **ЗД Делчево** | 598 |
| **ЗД Железничар** | 154 |
| **ЗД Тетово** | 194 |
| **Вкупно** | **1941** |

Извештај за програмска и буџетска реализација на активностите финансирани од основниот буџет на Министерството за здравство и буџетот на самофинансирачки активности

| | Активност | Износ | Реализиран обем на активности | Потрошени средства |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Судски случаи (лица со изречена мерка задолжително чување и лекување) – заедно со превземени обврски од 2021 година | 50.000.000,00 | | 50.000.000,00 |
| 2. | Партиципација за пациентите кои се лекуваат во центрите за ментално здравје- заедно со превземени обврски од 2021 година | 5.000.000,00 | | 5.000.000,00 |
| 3. | Неизмирени обврски од 2020 година | 10.000.000,00 | | 10.000.000,00 |
| | **ВКУПНО** | **65.000.000,00** | | **65.000.000,00** |

**Здравствена заштита на лица со болести на зависности** - целта на програмата е финансирање на мерките и активностите кои се однесуваат на заштита и згрижување на лицата со болести на зависност во Република Северна Македонија за 2021 година опфатени со болничко и дневно-болничко лекување.
Во Програмата се содржани мерки и активности за лекување во дневни болници и болничко лекување на зависници од алкохол и дрога над 30 дена и зависници - судски случаи како и обезбедување на метадон за лица со болести на зависности.

**Опис на постигнувања**

| Ред. број | ЈЗУ | Зависници од опојни droги на третман со метадон (дневна болница) | Зависници-судски случаи на третман со метадон (дневна болница) |
|---|---|---|---|
| | **ВКУПНО:** | **1350** | **200** |

| Ред. број | ЈЗУ | Зависници од опојни дроги на третман со бупренорфин (дневна болница) | Зависници - судски случаи на третман со бупренорфин (дневна болница) | Зависници – лекување на третман со бупренорфин (болничколекување) |
|---|---|---|---|---|
| | **ВКУПНО:** | **280** | **8** | **15** |

| Ред. број | ЈЗУ | АЛКОХОЛ | |
|---|---|---|---|
| | | Дневна болница | Болничко лекување |
| | **ВКУПНО:** | **65** | **15** |

Извештај за програмска и буџетска реализација на активностите

| 1. | Метадон / бупренорфин | Количини |
|---|---|---|
| 1.1. | Набавка на метадон за 1650 лица со болести на зависности | 4 900 000 мл. |
| 1.2. | Набавка на бупренорфин за 330 (400) лица со болести на зависности<br>Таблети од 2 мг. –241 920 мг<br>Таблети од 8 мг. –936 320 мг | 1 178 240 мг |
| 2. | Лекување во дневни болници, болничко лекување и лекување во казнено поправни установи | |
| 2.1. | Лекување во дневни болници на зависници од алкохол и дрога над 30 дена | |
| 2.2. | Болничко лекување на зависници од алкохол и дрога над 30 дена | |
| 2.3. | Лекување на зависници-судски случаи | |
| 3. | Неизмирени обврски за реализирани програмски активности за 2020 година | |
| | **ВКУПНО РЕАЛИЗИРАНИ СРЕДСТВА (100%)** | **108.500.000,00** |

**Ретки болести**
Основна цел на Програмата за ретки болести е обезбедување на терапија со лекови-сираци за лицата со ретки болести кои се вклучени во Регистарот на ретки болести на Република Северна Македонија, за чиешто лекување постои одобрение од Комисијата за ретки болести при Министерството за здравство. Преку Програмата за ретки болести ќе се лекуваат оние заболувања кои спаѓаат во ORPHAN листата на ретки болести, но чија преваленца во Република Северна Македонија не надминува 1 на 100 000 жители.
Со оваа програма се обезбедува стандард на лекување на лицата со ретки болести, сличен на стандардот на лекување на другите болести во здравствениот систем, согласно светските нормативи за лекување и обезбедениот буџет наменет за ретките болести. Во Програмата не е вклучено обезбедување на потребите од ортопедски и други помагала,

обезбедување на суплементи (масти и витамини и слично) како и за лицата кои се лекуваат преку Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија. Во 2021 година набавени се 9 нови лекови со што бројот на лекови препрати кои се набавуваат за лекување на лица со ретки болести изнесуваше вкупно 43 лекови со што е обезбедена терапија за околу 230 пациенти.
Во текот на 2021 година од Буџетот на РСМ и од сопствени средства на МЗ за реализација на програмата за лекување на лица со ретки болести се потрошени вкупно 680.000.000,00 денари

**Трансплантација**

Зголемен е опфатот со ХЛА типизација и други лабораториски и дијагностички испитувања на пациентите кои се подготвуваат за трансплантација од жив дарител и/или починато лице и внесени се дополнителни пациенти на Националналата листа за трансплантација на бубрег и на Националната листа за трансплантација на срце. Бројот на пациенти кои се комплетно ХЛА типизирани и чекаат за трансплантација е значително зголемен во однос на 2020 година. Започната е трансплантација на коски и коскени ткива: во 2021 година направени се 4 експлантации на коскено ткиво и 8 трансплантации. Добиени се рекордни 10 согласности од семејства на починати донори за трансплантација од кои се трансплантирани 16 бубрега и 5 срца. Изработени се протоколи за трансплантација на црн дроб

- Направено е редовно одржување и унапредување на системот за координација на процесот на трансплантација во Република Северна Македонија преку финансиска и техничка поддршка на работата на Националниот координатор за трансплантација и на „болничките" координатори за земање и пресадување на делови од човечкото тело. Зголемен е бројот на болнички координатори за детектирање на пациенти во мозочна смрт и исплатени се сите суми за стимулација и наградa за вршење на работите на членовите на тимовите за трансплантација
- Создаден е одржлив систем за поддршка и водење севкупна грижа за донаторите/дарителите и трансплантираните пациенти
- Формирана е елекронска Национална листа на чекање за срце и за бубрези во рамките на Мој Термин а направена е платформа за Национална листа за трансплантација на црн дроб. Сите тие се базираат на транспарентни, објективни и медицински критериуми и електронски систем за алоцирање на органи и ткива

ПРОГРАМА 2: МОДЕРНИЗАЦИЈА И УНАПРЕДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНИОТ СИСТЕМ СОГЛАСНО СТАНДАРДИТЕ НА ЕУ

Во рамки на **Проектната единица за реконструкција и доградба на ЈЗУ во РСМ** , во текот на 2021 година, во функција на наведената приоритетна цел "Подобрен квалитет на здравствената заштита и здравствените услуги, подобрена достапност и сообразност при обезбедувањето здравствени услуги за населението" утврдени со стратешкиот план, а согласно Планот за спроведување на Програмата модернизација и унапредување на здравствениот систем согласно стандардите на еу , реализирани се следните активности :

Мерка 1. ИЗГРАДБА НА НОВИ ЗДРАВСТВЕНИ ОБЈЕКТИ - Изградба на Клинички болница Штип – Изведбата на објектот е сеуште во тек, моменталната финансиска реализација на договорот е 31% , рокот за завршување на објектот е продолжен до 30.06.2023 година заради влијанието на КОВИД-19 и воспоставувањето на виша сила како договорна обврска (финансиска реализација е дадена во табелата).

**Реконструкција, надградба и доградба на објектите на јавните здравственитете установи во РСМ** - Во 2021 година во рамки на проектната единица спроведени се активности во насока на завршување на градежни работи на ОБ Струмица, Изградба на нов објект Поликлиника Сарај при ЈЗУ Здравствен дом - Скопје, Изведба на замена на времените објекти од амбулантно-поликлиничка дејност на ЗД Скопје, Градежно-занаетчиски услуги за тековно оддржување на здравствените објекти во Република Северна Македонија ( опфатени објекти – Зграда на Хируршки клиники во комплекс УКЦ Мајка Тереза-Скопје, Зграда на Интерни Клиники во во комплекс УКЦ Мајка Тереза-Скопје, ЗД Делчево, ЗД Македонска Каменица, ЗД Битола, ЗД Охрид), Изведба на котлара на гас за ЈЗУ Специјална болница по гинекологија и акушерство "Мајка Тереза" – Чаир- Скопје, Изведба на надворешен гасоводен приклучок и изградба на нова гасна котлара за потребите на ОБ Куманово .

Реконструкција, пренамена и адаптација на објект на ЈЗУ Општа болница Кичево – Изведбата е во тек но со намалена диманика заради влијанието на КОВИД-19 (финансиска реализација е дадена во табелата).

**Финансиската реализација за 2021 година е следна:**

| Сметка | Програма | | Поставка | | Буџет | План | Реализирано | Остаток | Процент |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 630 | 1А | реконструкција и доградба на | 482 | Други градежни објекти | **160,392,872** | **160,392,872.** | **148,086,701.** | **12,306,171.** | [illegible] |
| 630 | 1Е | општа болница кичево | 482 | Други градежни објекти | **7,850,062.** | **7,850,062.** | **7,850,062.** | **0.00** | [illegible] |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 630 | 1К | изградба на нов клинички | 482 | Други градежни објекти | **100,400,000.** | **100,400,000.** | **100,400,000.** | **0.00** | [illegible] |
| 786 | 1К | изградба на нов клинички | 482 | Други градежни објекти | **0.00** | **0.00** | **0.00** | **0.00** | [illegible] |
| 787 | 1А | реконструкција и доградба на | 482 | Други градежни објекти | **36,000,000** | **36,000,000.** | **29,756,710.** | **6,243,290.** | [illegible] |
| 787 | 1Е | општа болница кичево | 482 | Други градежни објекти | **25,434,000.** | **25,434,000.** | **13,852,902.** | **11,581,098.** | [illegible] |

**медицинска опрема**

| ОПИС | Модел, производител и земја на потекло | Количина | Установа за која е наменета | Вкупна вредност со ДДВ |
|---|---|---|---|---|
| Болнички кревети | A29 Kangerle Кина | 1368 | Дадени во сите Јавни здравствени установи | 24.407.308,80 |
| Рентгенска цевка за апарати за компјутерска томографија SIEMENS SOMATOM DEFINITION AS 64 | STRATON MX P, SIEMENS Германија | 2 | Клиничка болница Битола -1, ЈЗУ Специјална болница за ортопедија и трауматологија Св. Еразмо- Охрид- 1 | 21.591.215,00 |
| NAT (NUCLEIC ACID AMPLIFACTION TESTING) | Procleix Panther system featuring ART, continuous fluid/waste, GRIFOLS DIAGNOSTICS SOLUTIONS INC., Швајцарија | 1 | Институт за трансфузиона медицина на Република Северна Македонија - Скопје | 600.271,00 |
| Масичка за инструменти | Унига, РСМ | 1 | Гинеколошка ординација Шуто Оризари | 46.728,00 |
| Кревет за преглед | Медицал Адванце ДООЕЛ Скопје, РСМ | 1 | Гинеколошка ординација Шуто Оризари | 21.830,00 |
| Параван двокрилен | Медицал Адванце ДООЕЛ Скопје, РСМ | 1 | Гинеколошка ординација Шуто Оризари | 17.700,00 |
| Работен стол за доктор | Медицал Адванце ДООЕЛ Скопје, РСМ | 1 | Гинеколошка ординација Шуто Оризари | 10.856,00 |
| Персонален компјутер | Составен од повеќе светски производители: Intel Intex, MSI, Teamgroup, U-bit, ASUS, Кина | 1 | Гинеколошка ординација Шуто Оризари | 31.125,00 |
| Лаптоп | Aspire 3 A315-56-594 W Notebook, ACER Кина | 1 | Гинеколошка ординација Шуто Оризари | 39.795,00 |
| Мултифункциски печатач (принтер копир скенер факс) црно бел | LaserJet PRO MFP M310fn, HP, Кина | 1 | Гинеколошка ординација Шуто Оризари | 19.730,00 |
| Уред за непрекинато напојување - УПС | IT -SM1500VA-24V, Smart UPS 1500VA Mission, Intex, Кина | 1 | Гинеколошка ординација Шуто Оризари | 11.116,00 |
| Телевизор | HD mart LED TV 32SL44, SCHNEIDER, Кина | 1 | Гинеколошка ординација Шуто Оризари | 20.296,00 |
| Канцелариски стол | EIDA, Newstyle, Полска | 2 | Гинеколошка ординација Шуто Оризари | 38.020,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Столици за чекална (модуларни) | ISIT ARM, Newstyle, Полска | 8 | Гинеколошка ординација Шуто Оризари | 42.055,00 |
| Гинеколошко – акушерски 3Д ехо апарат | Ехо апарат за гинеколошки и акушерски испитувања ALPINION E-CUBE 8 DIAMOND ALPINION Medical Systems Co., Ltd Јужна Кореа | 1 | Гинеколошка ординација Шуто Оризари | 1.019.200,00 |
| Дигитален колпоскоп | LT-300HD CO SWING ARM, LUTECH, САД | 1 | Гинеколошка ординација Шуто Оризари | 472.000,00 |
| Сув стерилизатор | 35584, 60 Л, СО ВЕНТИЛАТОР, TITANOX, Италија | 1 | Гинеколошка ординација Шуто Оризари | 59.000,00 |
| Гинеколошки стол за преглед | GUNEX PROFFESSIONAL, EUROCLINIC, Италија | 1 | Гинеколошка ординација Шуто Оризари | 231.280,00 |
| ЦТГ Апарат | BT 350, BISTOS, Јужна Кореа | 1 | Гинеколошка ординација Шуто Оризари | 54.280,00 |
| Инструменти | Сет Dimeda, Германија | 1 сет (78 парчиња) | Гинеколошка ординација Шуто Оризари | 349.929,00 |
| Лед светло за преглед | ACEM S.p.a Италија | 1 | Гинеколошка ординација Шуто Оризари | 36.000,00 |
| Резервни делови за ангиографски апарат SHIMADZU MH-200 Bransist Safire | MH-IF bord, PH Cont 2002 board, Shimadzu Јапонија, Monitor 19'', Monitor 58'', EIZO Јапонија | 1,1,2, 1 | ЈЗУ Специјаизирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на кардиоваскуларни заболувања „Св. Стефан“ - Охрид | 8.175.922,64 |
| Перфузори | 8717030 Perfusor Comapct Plus, B. Braun Melsungen AG, Германија | 60 | Градска општа болница „8-ми Септември“ – Скопје - 20, Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар – Скопје-30, Универзитетска клиника по хируршки болести „Св. Наум Охридски“- Скопје-10 | 4.602.000,00 |
| Машина за инвазивна механичка вентилација | EVO 5, MEK-ICS, Кореја | 45 | Универзитетска клиника за неврохирургија – Скопје-1, Клиничка болница Штип-3, Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар – Скопје-8, Универзитетска клиника за инфективни болести и фебрилни состојби – Скопје-3, Општа болница Струмица – 4, Клиничка болница Битола-3, Општа болница „Борка Талески“ -Прилеп-2, Специјализирана болница за превенција, лекување и рехабилитација на | 18.144.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | кардиоваскуларни заболувања – Охрид-2, Општа болница Струга-2, Општа болница Кичево-2, Клиничка болница Тетово-3, Општа болница „Ферид Мурад“ -Гостивар- 2, Градска општа болница „8-ми Септември“ – Скопје-5 и Универзитетска клиника за кардиологија – Скопје-5 | |
| Маски адултни (за протокометри) | 2030 2011, Ceren medical, Турција | 200 | Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар – Скопје-КАРИЛ | 44.840,00 |
| Протокометри | Oxygen Flowmeter with humidifier O2 DIN connection, CAGDAS Medikal + Intersurgical | 200 | Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедски болести, анестезија, реанимација и интензивно лекување и ургентен центар – Скопје-КАРИЛ | 1.439.600,00 |
| 3D електроанатомски мапинг истем за електрофизиологија | Carto 3 System + Smart Ablate System, Biosense Webster J&J Stockert GmbH, J&J, Израел/Германија | 1 | ЈЗУ Универзитетска клиника за кардиологија Скопје | 17.428.600,00 |
| Столб за лапараскопија 3D/4K | Image 15 4K/3D Rubina, Karl Storz, Германија | 1 | ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија Скопје | 14.573.000,00 |
| Подвижен рентген апарат со С-рака со дигитален детектор за уролошки процедури | Cios Select with FD, Siemens, Кина | 1 | ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија Скопје | 5.015.472,00 |
| Хируршки тулиум ласер за уролошки процедури | MT01 Hemera, Quanta System, Италија | 1 | ЈЗУ Универзитетска клиника за урологија Скопје | 12.900.000,00 |
| Линеарен акцелератор за вршење на брзи и точни терапии IMRT-VMAT | HALCYON, VARIAN, Кина | 1 | ЈЗУ Универзитетска клиника за радиотерапија и онкологија Скопје | 108.835.091,04 |
| Ангиографска цевка и детектор, со калибрирање, сервис и пуштање во употреба на ангио систем PHILIPS ALLURA XPER FD 10 | Ангиографска цевка и детектор, со калибрирање, сервис и пуштање во употреба на ангио систем PHILIPS ALLURA XPER FD 10, ЕУ | 1 | ЈЗУ Општа болница Струмица | 18.856.400,00 |
| Апарат за анестезија за деца и возрасни | Atlan A350, Dregen, Германија | 1 | ЈЗУ Универзитетска клиника за хирургија на лице, вилици и врат, максилофацијална хирургија - Скопје | 2.159.400,00 |
| Амбулантно возило за итна медицинска помош | Citroen Jumper L2H2, Stelantis, Франција | 1 | „Здравствен дом на Скопје“ - Скопје | 369.000,00 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ЕЕГ апарат со можност за Неурофидбек и QEEG | EEG Digi Track ExG-32, Elmiko, Полска | 1 | ЈЗУ Завод за рехабилитација на слух, говор и глас Скопје | 144.648,00 |

ПРОГРАМА 3: ОДДРЖЛИВ СИСТЕМ НА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА, ПОДОБРЕН КВАЛИТЕТ И ЕФИКАСНОСТ

**Здравствен систем подготвен за членство во ЕУ и НАТО**

Во 2021 година во континуитет се продолжи со спроведување на планираните активности во функција на стратегиската цел и приоритет на Владата на Република Северна Македонија - приближување на Република Северна Македонија кон евроатланските структури. Остварени е билатерални средби на високо ниво со претставници од Министерство за здравство на Република Бугарија и Министерството за здравство на Србија во насока на интензивирање и унапредување на соработката во областа на здравството. Потпишан е Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство и семејна добросостојба на Република Индија за соработка во областа на здравството. Иницирано е потпишување на План за соработка со Република Бугарија.

Исто така иницирано е и потпишување на Меморандум за разбирање во областа на здравството и медицинските науки со Унгарија. Остварени се средби со високи претставници од СЗО на кои се дискутирани идните реформски цели и приоритети за унапредување на здравствениот систем во РСМ. Со подршка на СЗО спроведено е истражување за примарната здравствена заштита во Република Северна Македонија.

Започна имплементација на проект "Анализа на ефективноста на системот за здравствена заштита на секундарно и терциерно ниво", кој се финансира преку средства од ЕУ. Донесена е **Националната Стратегија за здравје 2021-2030 година.**

Подготвени материјали за Секторските плански документи за користење на инструментот ИПА и тоа:

- за проектот кој што ќе се спроведува со Министерството за труд и социјална политика „ EU for improved health and social protection and gender equality", каде што активностите кои ќе ги спроведува здравството се во вредност од 6 милиони евра. Предвидени се активности во областите - унапредување на перинатално здравје, канцер, е-здравство. Во тек е втората фаза во која се очекува повратен одговор од Евроспката Комисија за проектот.

- Преку ИПА 2 проект за јакнење на здравствениот систем на РСМ обезбедени беа средства за подготовка на Стратегија Здравје 2022-2030 и 4 милиони евра за набавка на 5 апарати за компјутерска томографија и 3 апарати за магнетна резонанса, 7 амбулантни возила, како и еден милион евра за активности за поддршка на имплементацијата на Стратегијата за здравје.

Тековно се спроведуваат активностите за имплементација на ИПА проект за меѓугранична соработка со Грција- EX – INFO: Унифициран информациски систем за размена на информации меѓу единиците во примарната здравствена заштита во меѓуграничниот регион.

Во однос на користење на TAIEX инструментот реализирани се следните активности:

- реализирана е TAIEX работилница за Клинички упатства за сексуалното и репродуктивното здравје во здравствената мрежа на Југоисточна Европа,
- реализирана TAIEX работилница за имплементација на европскиот број за инти случаи- 112,

Во продолжение следи извештајот за степенот на реализација на планираните мерки и активности:

1. Координација на обврските кои произлегуваат од Стратегијата на Владата поврзани со процесот на евроинтеграции

- континуирано следење на степенот на имплементација на обврските кои произлегуваат од НПАА и останатите документи поврзани со процесот на евроинтеграциите, месечно и квартално известување до Секретаријат за европски прашања
- подготовка на материјали за Поткомитетот за внатрешен пазар ( во делот јавно здравје) и учество на состанокот на Поткомитетот
- подготовка на одговор на прашалникот на Европската Комисија како материјал за Извештај за напредокот на РМ за 2021 година за делот јавно здравје
-подготовка на материјал за Програмата за реформи во вработувањето и социјална политика
- подготвени материјали за Секторските плански документи за ИПА 3 програмирање во секторот Здравство

2.Зајакнување на капацитетот на Министерството за здравство

-обезбедена техничка поддршка за номинирани претставници кои учествуваа на состаноци на ЕК за надлежни тела за крв, ткива, клетки и органи, и за трансплантација

3.Имплементација на активности од двогодишниот договор со СЗО

- обезбедена техничка помош на национални експерти за учество на настани организирани од СЗО
- учество во работни групи за подготовка на документи кои произлегуваат од Двогодишниот договор со СЗО
- Подготовка на анализи за потребите на кабинетот на министерот за различни теми и техничко-административна подготовка на учеството на Министер/заменик министер/државен секретар на меѓународни настани

4.Континуирано следење на активностите кои се одвиваат во рамки на здравствената мрежа на земјите од ЈИЕ

-обезбедена техничка поддршка и подготовки на делегација од МЗ за учество на средби организирани од претседавачи на ЗМЈИЕ
5. Учество на форуми на Министри за здравство на земјите членки и земји кандидати за членство во ЕУ
- обезбедена техничка поддршка и подготовки на делегација од МЗ за учество на минстерски конференции
6. Континуирани активности за операционализација на Потпишаните спогодби за соработка во областа на здравството и медицинските науки
- остварени е билатерални средби со високи претставници од Министертво за здравство на Република Бугарија и Министерството за здравство на Србија
7. Иницирање на потпишување на спогодба за соработка со држави во и вон регионот
- Потпишан е Меморандум за разбирање помеѓу Министерството за здравство на Република Северна Македонија и Министерството за здравство и семејна добросостојба на Република Индија за соработка во областа на здравството
- Иницирано е потпишување на Меморандум за разбирање во областа на здравството и медицинските науки со Унгарија
- Иницирано е потпишување на План за соработка со Република Бугарија
- Потпишан договор за поддршка во рамки на јапонската грант Програма за мали проекти за човековата безбедност (GGP) во Република Северна Македонија

**Акредитација на биохемиски лаборатории согласно стандардот – ISO 15189**

Согласно точка 113 ПП заклучок број 26 од 166-та седница на Владата на Република Македонија одржана на 12.11.2013 година, како и записникот од 30-тата седница на Владата на Република Македонија – точка 141, одржана на 29.10.2014 година Министерството за Здравство беше задолжено да изготви информација и да известува за прогресот на втората фаза од процесот за акредитација на 8-те пилот биохемиски лаборатории согласно стандардот - ISO 15189. Во оваа фаза беа избрани 8 јавно здравствени институции (од секундарна и терциерна здравствена заштита) кои отпочнаа со изготвување на процедурите и постапките неоходни да се реализираат акредитациите на нивните лаборатотии (одредени методи) по 15189 - ISO стандардот за акредитација на лаборатории. Тоа се:

- ЈЗУ У.К. за инфективни болести и фебрилни состојби
- ЈЗУ клиничка болница Битола
- ЈЗУ клиничка болница Тетово
- ЈЗУ клиничка болница Штип
- ЈЗУ У.К. за гинекологија и акушерство
- ЈЗУ У.К. за Клиничка биохемија
- ЈЗУ градска општа болница 8 Септември Скопје и
- ЈЗУ У.К. за детски болести

ЈЗУ Клиника за инфективни болести и фебрилни состојби Скопје, комплетно го заврши процесот на Акредитација на лабораторијата по Стандардот ISO EN МКС 15189:2013 за медицински лаборатории по пријавените методи за акредитација. На ден 01. 12. 2016 година беше доделен Сертификат за Акредитација бр. МЛ-006 од страна на Институтот за Акредитација на РМ, со што беше потврдено дека лабораторијата ги исполни барањата на овој стандард и се здоби со право за користење на знакот за акредитација.
ЈЗУ Клиничка болница Битола - во Декември 2016 година, завршена е постапката за акредитација на Одделот за лабораториска дијагностика при ЈЗУ КБ Битола по стандардот МКС EN ISO 15189:2013. Забелешките кои ги достави консултантската куќа се завршени и добиен е сертификат за акредитација по стандардот ИСО 15189.
ЈЗУ Клиничката болница Тетово - на ден 17.02.2021 успешно ја заврши постапката за акредитација исполнувајќи ги сите барања за стандардот МКС EN ISO 15189:2013 за што доби Сертификат за акредитација број МЛ-013 од Институтот за акредитација на Република Северна Македонија.
Другите 5 предвидени лаборатории се уште ја немаат завршено постапката со акредитација и се во различни стадиуми за довршување на процесот.

**Контролирани супстанции**

- Поднесување на извештаи до MCDC -(мониторинг центарот на Европската Унија за контрола на опојни droги) со седиште во Лисабон,Португалија, 2021 - континуирана активност, Извештаите поврзани со дроги (заплени, третман, прекршоци, смртност, спроведени студии и др.) се доставуваат со Европскиот мониторинг центар за дроги и зависности од дроги на годишно ниво.
- Прибирање на податоци од сите субјекти кои што водат евиденција за потрошувачката на контролираните супстанции, 2021
- Организирање на обуки и едукативни настани на сите заинтересирани страни, 2021 – континуирана активност, одржани 10 е-состаноци во текот на 2021 година
- Организирање на едукативни настани за здравствените работници кои се во непосреден контакт со контролирани супстанции
- Координирање на Комисијата за утврдување на услови по однос на простор,опрема и кадар за одгледување на canabis sativa - одржани се 9 состаноци на Комисијата

- Вршење на редовни годишни контроли на правните лица што се занимаваат со одгледување на canabis sativa - Комисијата има извршено 20 контроли на правни лица кои имаат одобрение за одгледување на канабис за медицински цели
- Вршење на увиди за утврдување на услови по однос на простор ,опрема и кадар за добивање решение за одгледување на canabis sativa - Комисијата има извршено 10 увиди во правни лица кои иаат поднесено барање за добивање на одобрение за одгледување на канабис за медицински цели

Планирани а нереализирани активности во делот на контролираните супстанции: воспоставена база на податоци за контролирани супстанции (2021,2022); обработка на податоци, табеларно и графичко прикажување на истите; организирање на едукативни настани за правните субјекти кои се занимаваат со промет и производство на контролирани супстанции; воспоставување на база на податоци за контролирани супстанции; воспоставување на база на податоци за потрошувачка на контролирани супстанции; воспоставување на база на податоци за одгледување на canabis sativa; воспоставување на база на податоци за правните лица кои се занимаваат со чување и промет со контролирани супстанции

**Имплементација на мерките од конвенцијата на ООН за правата на лицата со попреченост -** да се обезбеди метод за проценка на попреченоста кој целосно го вклучува пристапот базиран на човекови права

- Во функција на новиот модел, отворена е нова Служба за функционална проценка на деца и млади, при ЈЗУ Здравствен Дом- Скопје
- Промена на систематизација и други внатрешни акти на Здравствен Дом-Скопје - Извршена е промена на внатрешните општи акти на Здравствен Дом-Скопје и за истите е издадено одобрение од Министерство за здравство
- Отворање на седум регионални стручни тела во градовите: Струмица, Штип, Куманово, Велес, Гостивар, Битола и Охрид.
- Започнати се со работа Националното стручна тело, две регионални стручни тела во Скопје и регионалните стручни тела во Струмица, Битола и Гостивар
- Направени се околу 600 проценки за деца со попреченост во текот на 2021 година
- Во тек се подготовките за започнување со работа на стручните тела во Штип, Куманово, Велес, и Охрид
- Континуирано течат обуките за МКФ во регионите каде е планирано отворање на регионални стручни тела

Законот за измена и дополнување на Законот за здравствено осигурување со кој се прецизира дека средствата за партиципација за проценката од која се ослободуваат осигурените лица ќе паднат на товар на Фондот, е влезен во сила.

- Измена и дополнување на законот за здравствено осигурување.
- Законот за измени и дополнување на Законот за здравствена заштита кој ќе овозможи имплементација на новиот модел за проценка за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка на деца и млади (МКФ), вратен е на доработка во Министерството за здравство.
- Усвојување на новиот Правилник за дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка
- Подготвен е Нацртот на новиот Правилник за функционална проценка и потребата од дополнителна образовна, здравствена и социјална поддршка. Се очекува негово усвојување после усогласување со Секретаријат за законодавство
- Процесот беше очигледно успорен поради разните ограничувања при примена на мерките за справување со пандемијата со Ковид-19.
- Да ги отстрани ограничувањата во возраст за пристап до бесплатно лекување, односно ослободување од партиципација, како и секакви исклучоци во Законот за здравствено осигурување кој ги дискриминира лица со попреченост односно ги занемаруваат нивните посебности
- Анализа на законските и финансиските можности за отстранување на ограничувањата во возраст за пристап до бесплатно лекување, односно ослободување од партиципација
- Ревизија и усогласување во содржината на општите акти (правилниците и одлуките) на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија
- Измена на одредбата од Законот за здравствено осигурување да се прецизираат случаите на ослободување од партиципација во цената на здравствената услуга на одделни категории лица
- Со Законот за изменување и дополнување на законот за здравствено осигурување објавен во „Сл.весник на РСМ, бр.275 од 27.12.2019 година во сила од 04.01.2020 година, одредените олеснувања во однос на ослободувањето од плаќањето на партиципацијата и зголемениот опфат со ортопедски помагала,беа предмет на подготовка и донесување на општи акти од страна на ФЗО со цел примена на измените во Правилникот за индикации за остварување на правото на ортопедски помагала и Списокот и шифрарникот на ортопедски помагала
- Соработката со здруженијата за заштита на правата на лицата со попреченост и во текот на 2021 година продолжи со постојано изнаоѓање на аргументи и доставување на конкретни предлози до ФЗО во корист на обврската за олеснување на обврската за партиципација на лицата со попреченост.
- Да усвои план за обуки на здравствените работници за правата на лица со попреченост, пристапот кон попреченоста базирана на човековите права
- Обуки за здравствени работници (патронажни сестри, доктори по општа медицина и специјалисти по семејна медицина) за рано препознавање и рана интервенција кај деца со пречки во развојот.

- Обуки на здравствени работници, социјални работници, полиција, обвинителство и лични асистенти, со цел имплементација на мултисекторски пристап кон родово базирано насилство врз лицата со попреченост,
- Обучени здравствени работници за рано препознавање и рана интервенција кај деца со пречки во развојот
- Обучени здравствени работници, социјални работници, полиција, обвинителство и лични асистенти за постапување кон жени и девојки, жртви на родово базирано насилство врз лицата со попреченост
- Во текот на 2021 година во организација на УНФПА во Центарот за семејна медицина се реализирани две целодневни обуки за 16 здравствени работници за превенција и менаџмент на родово базирано насилство заедно со концептот за правата на лицата со попреченост во областа на здравствената заштита.
- Активностите поврзани со рано препознавање и рана интервенција дополнително ќе се координираат со МТСП како и со стручните обуки за работа во телата за функционална проценка (МКФ)
- МЗ и давателите на обуките во текот на 2021 работат на подобрување на координацијата околу планирањето и испорачувањето на обуките, но останува да се обезбеди посистемски пристап во нивното планирање за 2022 година.
- Да се обезбеди достапност и пристапност до здравствените установи и здравствените услуги, со отстранување на физичките препреки до здравствените установи како и да се обезбедат информации во пристапни формати за лицата со попреченост
- Мапирање за обезбедување на здравствени услуги, опрема и средства за сексуално и репродуктивно здравје на девојчиња и жени со попреченост.
- Подобрување на пристапност и достапност на здравствените установи и услуги за непречено користење од лицата со попреченост
- Извршено е мапирање за обезбедување на здравствени услуги, опрема и средства за сексуално и репродуктивно здравје на девојчиња и жени со попреченост и се определени четири јавни здравствени установи (ЈЗУ-ви) во кои во текот на 2022 година ќе биде обезбедена со поддршка на Јапонската амбасада
- Проектната единица за изградба и реконструкција на јавни здравствени установи при МЗ, согласно член 4 став 4 од Правилникот за потребниот простор, опрема и стручен кадар за основање, почнување со работа и вршење на здравствена дејност во здравствени установи (Сл.Весник бр.91/2013) во текот на 2021 година во рамките на проектираните и изведени реконструкции како и нови градби во јавните здравствени установи обезбеди хоризонтална и вертикална комуникација за движење на лицата со попреченост,а истите правила се применуваа и во постапката на издавање на дозвола за работа на здравствените установи.
- Сите проекти кои се работени во 2021 година за реконструкција, адаптација и изградба на здравствени објекти се во согласност со член 11 став 1 и став 2 од Законот за градење, со што се обезбедува непречен пристап на лицата со попреченост до и во објектот на ЈЗУ-ви
- Реконструкцијата на дел од партер и сообраќајници во рамки на УКЦ „Мајка Тереза“ Скопје во тек на 2021 година е изведена согласно член 11 став 3 од Законот за градење со што е овозможено непречено движење по јавни пешачки патеки за движење на лицата со попреченост
- МИОА спроведе постапка за избор на изведувач на промената на веб страната на МЗ што вклучува и обезбедување на веб-пристапност, новата веб страна треба да биде завршена до крајот на 2021
- Да се обезбеди споделување на информациите за сексуалните и репродуктивните права во соодветни формати за сите лица со попреченост, - да се обезбеди достапноста на услугите по основ на род и возраст
- Анализа за потребата и видот за специјализирана медицинска опрема во терцијарното здравство за потребите на лицата со попреченост, посебно за жените и децата со попреченост
- Зајакнување на знаењето на здравствените работници и организациите на лица со попреченост за услугите за Сексуално и репродуктивно здравје, со акцент на планирање на семејство
- Зголемување на знаењето за сексуални и репродуктивни права и услуги за лицата со попреченост и нивните организации
- Набавка на специјализирани гинеколошки столови за жени со попреченост и стоматолошки стол за децата односно лицата со попреченост.
- Активностите од препораката број 45.в кои се однесуваат на обуки на здравствените работници за правата на лица со попреченост и пристапот кон попреченоста базирана на човековите права, воедно ја опфаќаат и компонентата на обуките за сексуалните и репродуктивните права во соодветни формати за сите лица со попреченост.
- Во рамките на обуките се обезбедуваат и информации за сексуалното и репродуктивно здравје во пристапни формати за лица со попреченост, вклучувајќи жени и девојчиња и користење на специјализирани услуги за девојчиња и жени со попреченост во сите делови на државата.
- Поради ангажирање на поголеми средства и кадровски капацитет за справување со пандемијата, во текот на 2021 година не се реализирани обуки за знаењето за сексуални и репродуктивни права и услуги за лицата со попреченост и нивните организации и не се создадени посебни услови за набавка на специјализирани гинеколошки столови за жени со попреченост и стоматолошки стол за децата односно лицата со попреченост.
- Активности за подобрување на здравствената грижа за децата со попреченост во услови на незадоволителен пристап до здравствена заштита и недостаток на специјализирани здравствени услуги за децата со попреченост.

- Подготовка за отворање на Центри за рана интервенција за деца со попреченост и поддршка и нивните семејствата
- Министерството за здравство поднесе апликација до претставништвото на ЕУ во Скопје со првична намера за обезбедување на средства за изработка на физибилити студија преку механизмот на Европската унија (EU Integration facility)

**Модернизација на едукативниот процес**

Програма за едукација на лекари и медицински персонал, за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени, како и за спроведување на обуки за вршење на преглед за умрени лица за 2021 година

Програмата се финансира согласно одобрените средства од Буџетот на Република Македонија за 2021 година наменети за оваа програма, во висина од 40.000.000,00 денари, од кои 10.000.000,00 денари од Буџетот на Република Македонија, а 30.000.000,00 денари од буџетот за самофинансирачки активности на Министерството за здравство.

Вкупно реализирани средства за 2021 година се : 21.688.742,00 денари, од кои од самофинансирачкиот буџет на МЗ: 11.693.144,00 денари, од Буџет на РСМ: 9.995.598,00 денари.

Средствата од оваа програма се реализирани за спроведување на активности од следните области:

I. Специјализации, супспецијализации на лекари од Република Македонија во странство

Трошоци кои произлегуваат од специјализациите /супспецијализациите во странство, надомест за школарина и полагање специјалистички испит, месечен надомест за престој во износ од 500 евра, патни трошоци, сместување и др. продолжување на 9 специјализации во Србија, Хрватска и Словенија:

- Универзитетски клинички центар Љубљана-185.142,00 ден
- Лекарска комора Љубљана-24.589,00 ден
- Медицински факултет Белград-842.363,00 ден
- Клинички болнички центар Загреб-50.844,00 ден

II. Ангажирање на стручни медицински лица од странство

Трошоци за ангажирање на 6 странски доктори од областа на ортопедија, трауматологија, невромониторинг и спортски трауматизам за на едукации/практична работа/тренинзи/обука во ЈЗУ Универзитетска клиника за трауматологија, ортопедија, анестезија, реанимација, интензивно лекување и ургентен центар -Скопје-799.998,00 денари;

Трошоци за ангажирање на 2 странски доктори од областа на офталмологија за надоместок за едукации/практична работа/тренинзи/ обука, за спроведени едукации/практична работа/тренинзи/обука во ЈЗУ Универзитетска клиника за очни болести – Скопје -400.000,00 денари ;

Трошоци за ангажирање на 1 странски доктор од областа на педијатрија, неонатологија за надоместок на едукации/практична работа/тренинзи/ обука, за спроведени едукации/практична работа/тренинзи/обука во ЈЗУ Универзитетска клиника за гинекологија и акушерство – Скопје - 1.155.000,00 денари;

Трошоци за ангажирање на 2 странски доктори за развој на центарот за цистична фиброза за надоместок за едукации/практична работа/тренинзи/обука, во ЈЗУ Институт за белодробни заболувања кај децата „Козле 2.000.000,00 денари.

Трошоци за ангажирање на 1 странски доктор од областа на торакална и васкуларна хирургија (за воведување на минимум инванзивна техника – ВАТС процедура) во ЈЗУ Универзитетска клиника за торакална и васкуларна хирургија-Скопје 831.768,00 денари

Трошоци за ангажирање на 2 странски доктори од областа на офталмологија и оториноларингологија за надоместок за едукации/практична работа/тренинзи/обука, во ЈЗУ Градска општа болница 8-ми Септември – Скопје-250.000,00 денари.

III. Едукации во установата Медицински Симулациски Центар Скопјеза вкупно 1570 лица во висина од 6.000.000,00 ден од областа на : Basic Life Support 1 ;Advanced Life Support ;Basic Life Support 2 -32;Advanced Trauma Life Support;BLS, ALS, ATLS, PLS, TLS

IV. Кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени

Трошоци за покривање на дел од средствата за спроведување на специјализацијата, односно супспецијализацијата и за полагање на специјалистички, односно супспецијалистички испит на здравствените работници и здравствените соработници за 100 лица преку кофинансирање на Универзитет „Св. Кирил и Методиј" - Медицински факултет Скопје и Универзитет „Гоце Делчев" Штип – Медицински факултет Штип со вкупно потрошени финансиски средства во висина од:

УКИМ-„Медицински факултет"- Скопје вкупно 7.810.660,00 ден и

Универзитет „Гоце Делчев "- Штип вкупно 1.231.230,00 ден.

**Спроведени обуки во Медицински симулациски центар во 2021 година**

1. Модул на обука: основно животно одржување-"Basic Life Support" во време на пандемија со COVID19

-Период на обука: јануари 2022 година

-Таргет група: медицински персонал

-Број на обучени лица: 6
-Успешност на обука: 95%

2. Модул на обука: напредно животно одржување-“Advanced Life Support” во време на пандемија со COVID19

-Период на обука: јануари 2022 година
-Таргет група: медицински персонал
-Број на обучени лица: 50
-Успешност на обука: 95%

3. Модул на обука: Основно животно одржување-“Basic Life Support”

-Период на обука: април-мај 2022 година
-Таргет група: специјализанти од медицинските факултети Скопје и Штип
-Број на обучени лица: 32
-Успешност на обука: 93%

4. Модул на обука: напредно животно одржување при траума-“Advanced Trauma Life Support”

-Период на обука: мај-јуни 2022 година
-Таргет група: специјализанти од медицинските факултети Скопје и Штип
-Број на обучени специјализанти: 314
-Успешност на обука: 95%

5. Модули на обуки: Основно животно одржување-“Basic Life Support”, Напредно животно одржување-“Advanced Life Support”, Напредно животно одржување при траума-“Advanced Trauma Life Support”, Педијатриско одржување во живот-“Pediatric Life Support”, Одржување во живот при траума-„ Trauma Life Support

-Период на обука: јуни-октомври 2022 година
-Таргет група: медицински персонал, доктори на медицина од ИМП, доктори на медицина за продолжување на лиценца, специјализанти од медицинските факултети Скопје и Штип
-Број на обучени лица и специјализанти: 266
-Успешност на обука: 85%

6. Модули на обуки: Основно животно одржување-“Basic Life Support”, Напредно животно одржување-“Advanced Life Support, Одржување во живот при траума-„ Trauma Life Support

-Период на обука: јуни-јули 2022 година
-Таргет група: медицински персонал, доктори на медицина од ИМП, доктори на медицина за продолжување на лиценца
-Број на обучени лица и специјализанти: 256
-Успешност на обука: 90%

7. Модул на обука: Педијатриско одржување во живот-“Pediatric Life Support”

-Период на обука: септември-ноември 2022 година
-Таргет група: специјализанти од медицинските факултети Скопје и Штип
-Број на обучени лица: 304
-Успешност на обука: 92%

8. Модули на обуки: Основно животно одржување-“Basic Life Support”, Напредно животно одржување-“Advanced Life Support”

-Период на обука: ноември-декември 2022 година
-Таргет група: специјализанти од медицинските факултети Скопје и Штип
-Број на обучени лица: 342
-Успешност на обука: 93%